

## Тагување и ужаленост

### Австралиски центар за тагување и ужаленост

Голем број постари Австралијани може да се соочуваат со тагување, загуба или ужаленост поради КОВИД-19.

Во ред е да се побара помош; служби за поддршка поради тагување, загуба и оплакување се достапни. Стапете во врска и јавете се на **1800 222 200** за советување по телефон, посетете ја интернет-страницата **www.aged.grief.org.au** за да најдете материјали или советник за помош при ужаленост. Преземете ја апликацијата **'My Grief'** за совети околу поддршката на сакано лице.

**Сите услуги се бесплатни, во доверба и со почитување на културата, верата, идентитетот и животниот стил на луѓето.**

**Тагување и ужаленост**

1800 222 200
www.aged.grief.org.au

**Поддршка во врска со однесување на лице со деменција**

1800 699 799
www.dementia.com.au

**Материјали за траума**

www.phoenixaustralia.org/aged-care

**Совети и застапување**

1800 700 600
www.opan.com.au

**Преводи и достапност**

131 450 за Службата за писмено и усно преведување (TIS), побарајте да ве поврзат на ваш јазик.

1300 010 877 за поврзување со Auslan пратете имејл на interpreter.bookings@deafservices.org.au, факс 07 3892 8511 или SMS на 0407 647 591.

Програмата за поддршка при тагување и траума ги дополнува постоечките услуги за ментално здравје. Поддршка во криза е достапна од Lifeline: www.lifeline.org.au и Beyond Blue: www.beyondblue.org.au, видете Head to Health: www.headtohealth.gov.au, или разговарајте со вашиот семеен доктор (GP).



Macedonian

Australian Government

# Дали КОВИД-19 влијаел на вас во установа за нега на постари лица?

Помош поединечна, по телефон и преку интернет е достапна за станари на установите за нега на постари лица и за корисници на нега, на нивните семејства, семејства по избор, пријатели, блиски, посетители од заедницата и претставници, како и за лица вработени во секторот на нега на постари лица.



# Дали КОВИД-19 влијаел на вас?

## Достапна е бесплатна помош



## Материјали за траума

### Phoenix Australia

КОВИД-19 можеби предизвикал стара или нова емоционална траума. Иако некои луѓе закрепнуваат, кај други може да се појават проблеми со менталното здравје и да им треба помош.

Phoenix Australia нуди информации и алатки за поддршка на лицата на кои влијаеле трауматски искуства и на тие кои ги негуваат. Материјалите вклучуваат информации за траумата и тагувањето за постари лица, нивните семејства и негуватели. Информативни листови, вебинари и обука се исто така достапни за работната сила и менаџерите во секторот за нега на постари лица.

Ви треба помош? Побарајте ја на: **www.phoenixaustralia.org/aged-care**

## Поддршка во врска со однесување на лице со деменција

### Dementia Support Australia

Станари на установи за нега на стари лица кои имаат деменција можеби го промениле однесувањето поради рестрикциите поради КОВИД-19.

Консултанти за специјализирано ангажирање, клиничка поддршка, планови и стратегии, совети и информации се достапни 24 часа дневно ширум Австралија.

Дали ви треба помош за да се справите со променето однесување? Јавете се на **1800 699 799** или видете на visit **www.dementia.com.au**

## Совети и застапување

### Мрежа за застапување на постари лица (Older Persons Advocacy Network - OPAN)

OPAN е служба независна од владата и од давателите на услуги на нега на постари лица. Мрежата дава бесплатно застапување во доверба во врска со негата на постари лица, совети за КОВИД-19 и услуги на упатување.

Јавете се на **1800 700 600** или посетете ја интернет-страницата **www.opan.com.au** за бесплатно застапување во доверба и советување.

